# ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” н.ИЛИНДЕН

# САМОЕВАЛУАЦИЈА



Јули, 2022

# Содржина

Лична карта на училиштето ............................................................ стр. 3

Одлука за формирање на работна група .......................................... стр. 4

**Област 1** - Организација и реализација на наставата и учењето............ стр. 5

**Област 2 –** Постигнувања на учениците ..........................................стр. 24

**Област 3** – Професионален развој на наставниците, стручните соработници и

раководниот кадар ..............................................................................стр. 52

**Област 4** – Управување и раководење ..........................................стр. 72

**Област 5** – Училишна клима и култура ..........................................стр. 86

**Област 6** – Соработка со родителите и локалната заедница .......... стр. 95

**Област 7** – Коминикации и односи со јавноста ..............................стр. 99

Акционен план за идни активности .................................................... стр. 108

Прилози од сите области .....................................................................стр. 109

Самоевалуацијата во нашето училиште се врши врз основа на Правилникот за начинот и областите за вршење на самоевалуација на основните училишта
–донесен според член 108 од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161), од Министерот за образование и наука

# Лична карта на училиштето





| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **ООУ “Гоце Делчев” Илинден** |
| **Адреса** | Ул. 9 бр.179 н. Илинден |
| **Тел. Број/ факс** | 02/ 2573347 |
| **Период на подготвување** | 2020-2022 година |
| **Број на ученици** | 1001 |
| **e-mail** | ougocedelcevilinden@gmail.com ougocedelcevilinden@yahoo.com |
| **Facebook страна** | www.facebook.com/ООУ-Гоце-Делчев-нИлинден |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |

ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр. 02-27/10
29.06. 20 22 год.

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161) на седницата ,одржана на ден 17.05.2022 година,Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев" Илинден ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За формирање на комисија за подготовка на самоевалуација на училиштето за период 2020-2022 година

Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев" н.Илинден на ден 17.05.2022 год. Формира комисија за подготовка на самоевалуација на училиштето за период од 2020-2022 година, во состав:

1. Силви Малиновска
2. Сузана Цимевска
3. Анита Серафимовска
4. Маја Блажевска
5. Елена Танева
6. Каролина Петрова
7. Гордица Милковска

Комисијата за подготовка на самоевалуација за двегодишниот период формира тимови по подрачја.

Претседател на УО:

Стоне Атанасовски

# Област 1

| Област 1 | **ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО** |
|---|---|
| Одговорен наставник | Силви Малиновска |
| Членови на тимот 1 | Елена Ѓорѓиевска |
| | Ана Блажевска Крстевска |
| | Тања Ефремова- Стоилевски, Лила Петрушевска - Алексовска |
| | Лидија Ѓуровска |
| | Александра Коцева- Мојсоска |
| | Маја Саздовска |
| | Благоја Митревски |
| | Тања Василевска |

# Организација и реализација на наставата и учењето

| Индикатори во рамките на областа | Теми |
|---|---|
| 1.1 **Реализација на наставните планови и програми** | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Реализација на проширени програми |
| **1.2 Квалитет на наставните планови и програми** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала |

| | |
|---|---|
| | • Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| **1.3 Воннаставни активности** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| **3.1 Планирања на наставниците** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2 Наставен процес** | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| **3.3 Искуства на учениците од учењето** | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4 Задоволување на потребите на учениците** | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5 Оценувањето како дел од наставата** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување |

| | |
|---|---|
| | • Користење на информациите од оценувањето во наставата |

| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
|---|---|
| Координатор | Силви Малиновска |
| Членови на тимот | Елена Ѓорѓиевска |
| **Индикатор за квалитет 1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** |
| Извори на податоци<br><br>-Годишни – тематски планирања на наставниците<br>-Нормативни акти на училиштето<br>-Педагошка евиденција и документација<br>-Записници Совет на родители на училиштето<br>-Записници од родителски средби<br>-Записници од стручни активи<br>-Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br>-Годишна програма на училиштето<br>-Стручни упатства и насоки за Операционализација на наставните Планови и програми<br>-Покани за учество на семинари | • Училиштето работи според наставни планови и програми во согласност со наставни планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Промени во наставните планови и програми се случи за учебната 2021/22год. Во прво и во четврто одделение воведена е нова Концепција за основното образование. Во документите за наставните програми постојат упатства за реализација на наставната програма за секој наставен предмет.<br>• Секој наставник на првите часови ги запознава учениците со наставниот план и програма за секој наставен предмет што го предава, а родителите се запознати со истите на првите родителските средби. За реализација на наставните планови и програми родителите се информираат и на состаноците на Советот на родители.<br>• Согласно наставните планови и програми, наставниците посетуваат семинари организирани од страна на БРО и МОН.<br>• Наставниците имаат изработено ИОП за работа со деца со посебни образовни потреби согласно донесената документација од децата со посебни потреби.<br>• Учениците вршат избор на наставни предмети според наставниот план и програма добиени од МОН, по претходно информирање од страна на училиштето на родителските состаноци и со помош на изготвени анкетни листови. Таков избор вршат сите ученици без разлика на полот и етничката припадност. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците при изборот на изборните предмети бидејќи нуди избор на повеќе предмети.<br>• Проширени програми во нашето училиште имаат сите одделениски наставници од I-III одделение. Мал дел од родителите се изјасниле дека имаат потреба од овој вид на програма, па овие ученици се организираат. |

| Област 1 | Организација и реализација на наставата и учењето |
|---|---|
| Координатор | Силви Малиновска |
| Членови на тимот | Ана Блажевска Крстевска |
| **Индикатор за квалитет 1.2** | **Квалитет на наставни планови и програми** |
| Извори на податоци | **Кои информации се собрани** |
| Наставни планови и програми од БРО и МОН за учебната 2021/2022г.<br>-Годишна програма за работата на училиштето<br>-Стручни активи<br>-Евиденција каде се забележани посети од семинари<br>-Анкетен прашалник за ученици, наставници и родители<br>-Записници од наставнички совети<br>-Одделенска книга каде се заведени часовите за грижа за здравјето на учениците<br>-Предавања од стручни лица<br>-Наставна програма по општество<br>-Наставна програма по граѓанско образование<br>-Изработени проекти | Во училиштето доминира македонската националност, а во помал број присутни се и ученици од албанска и ромска национална припадност, меѓутоа во училиштето никогаш немало меѓуетнички конфликти. Во училиштето исто така се изведуваат часови од проектот за меѓуетничка интеграција. Преку одредени содржини по предметот граѓанско образование се придонесува во нивниот личен и општествен развој. Образованието за човековите права, граѓанското образование или за други теми поврзани со општествената проблематика училиштето ги реализира на часовите по граѓанско образование и култура во осмо и деветто. Се вршат истражувања и проекти по предметот граѓанско образовение и култура. Поголем број од наставниците редовно посетуваат семинари и стекнатите современи методи редовно ги применуваат во наставата со што се подобрува квалитетот на реализација на наставните планови и програми. Со посетата на семинарите и примената на стекнатите знаење во наставата наставниците добиваат сертификати. Во училиштето функционираат активи и во нив се вклучени наставници по сите наставни предмети и во одделенска настава. Тие се : Актив за: I, II, III, IV и V одд. во одделенска настава, Актив на група општествени науки и Актив на група природни науки. За работата на активите наставниците се запознати преку нивните записници во годишниот извештај за работата на училиштето. Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала. Постои можност за интегративен пристап кон содржините само кај одделни предмети бидејќи наставните планови и програми од БРО и МОН не се сообразени за таков пристап. Начинот на кој наставниците, родителите и учениците можат да влијаат за измени во наставната програма е да покренат иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истите да се препратат до БРО и МОН. |

**Јаки страни**

**- Комуникацијата меѓу раководството и наставниците е на високо ниво, а исто така и меѓусебното заемно почитување.**
**-Има високо образовни кадри кои со својата професионалност допринесуваат во квалитетот на воспитно – образовниот процес.**
**-Целосни и темелно изработени годишни, тематски и процесни планирања.**
**-Тимско работење во релација на наставни планови и програми.**
**-Опременост на училиштето со компјутерска технологија и интернет мрежа, како и електронски табли во неколку кабинети.Во близок иден период се планира покривање на останатите кабинети со електронски табли каде што има потреба од нив.Во минатиов период неколку кабинети беа опремени и со телевизори и проектори.**
**-Наставниците се оспособени за работа со компјутер.**
**-Успешна работа на стручните активи-нагледни часови(анализа) и обработка на стручни педагошки теми.**
**-Постојано следење и анализа на успехот и поведението на учениците.**
**-Примена на формативното оценување за следењето на напредокот и постигнувањата.**
**-Подеднаков третман на сите ученици.**
**-Учество на учениците во слободни ученички активности и нивните постигнати резултати се презентираат на патрониот празник на училиштето, ТВ емисии, изработка на презентации и проекти, училишни и регионални натпревари.**
**-Наставните планови и програми на наставниците се достапни преку наставна програма, на родителите преку Совет на родители и на учениците преку учебниците.**
**-Учениците имаат можност за самоизбирање на изборни и факултативни предмети одобрени за оддржување, а избор вршат сите заинтересирани ученици.**
**-Соработка со родители на редовни родителски средби и отворени наставни денови.**
**-Советување на родители за нередовно, недисциплинирани и слаби ученици.**
**-Учениците посетуваат настава во 2 смени ротирајќи на секои 2 недели.**
**-Училишните простории се затоплуваат и ладат со систем геотермални пумпи од подземни води.**
**-Има медијатека која изобилува со стручна и професионална литература.**
**-Има училишен двор со зелена површина и патеки.**
**-Соработката со локалната самоуправа е на високо ниво.**

**Слаби страни**

**-Потреба од реновирање на одредени просторни услови.**
**-Нема целосно опремени кабинети.**
**-Недоволен канцелариски простор за наставниците.**
**-Училиштето не располага со сопствен паркинг простор.**
**-Наставните помагала се недоволни, а постоечките се застарени и оштетени од долготрајна употреба.**
**-Набавениот потрошен материјал не ги задоволува потребите на училиштето.**
**-Има потреба од довод на вода во училниците во кои таа не е спроведена.**
**- Има потреба од посебни тоалети за наставничкиот кадар**
**-Нецелосна едукација на наставниците од темите: раководење, соработка, договарање, самодоверба и нецелосен интегративен пристап кон содржини поради организирани посети од стручни лица, финансии на родители.**

| | |
|---|---|
| **-Недостаток од материјално-финансиски средства за поттикнување на посебни афинитети во понатамошно вклучување во редовната настава и вон-училишните активности со свои придонеси за училиштето и за свои лични афинитети.** | |
| **Област 1** | **Наставни планови и програми** |
| Координатор | Силви Малиновска |
| Членови на тимот | Лидија Даниловска - Ѓуровска |
| **Индикатор за квалитет 1.3** | **Вонннаставни активности** |
| Извори на податоци<br>• Годишна програма за работа<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Анкетен прашалник за ученици<br>• Анкетен прашалник за наставници<br>• Анкетен прашалник за родители<br>• Одделенска книга каде се заведени часовите за дополнителна, додатна настава<br><br>• Дипломи<br>• Пофалници<br>• Признанија<br>• Медали<br>• Годишен извештај за работа | Училиштето планира и реализира воннаставни активности прилагодени според потребите и можностите на учениците. Воннаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето. Суштината на воннаставните активности се состои во проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности. Со овие активности се развива љубопитноста, истражувачкиот дух, дружењето со други одделенија и други училишта, меѓусебната соработка, солидарност и сл.<br><br>За воннаставните активности изработена е програма за реализирање на наставните содржини-единици за: слободни ученички активности,здравствено образование, производствена работа, работа на училишната заедница, соработка со локална средина, планирани екскурзии, учество на натпревари, додатна и дополнителна настава. Во истата можат да се видат одговорните наставници, времето на реализирање, бројот на часови и целите и задачите за постигнување.<br><br>Учениците во воннаставните активности учествуваат по сопствен избор. Во текот на изминатите две години се организирани следните воннаставни активности:<br><br>• Училишен спорт<br>• Секции и слободни ученички активности<br>• Ученички натпревари<br>• Општествено-хуманитарна работа<br>• Еко патроли<br>• Вело проект<br>• Антикорупциска едукација<br>• Ученички парламент |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето се реализираат воннаставни активности по следните предмети:музичка и ликовна уметност,македонски јазик и литература,информатичка технологија, историја,математика,странски јазици(англиски,германски),хемија,биологија.<br>Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи, медали.<br>Учениците се вклучени во организација на културно-забавни манифестации по одреден повод. |

**Јаки страни**

- **Училиштето ги има обезбедено сите НПП на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности.**
- **Кај Директорот на училиштето сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план како и Годишно планирање за дополнителна и додатна настава во печатена и електронска форма.**
- **За послабите ученици и учениците кои имаат потреба во училиштето редовно се оддржува дополнителна настава.**
- **За учениците кои покажуваат посебен и особен интерес и знаење по некој предмет редовно се организира додатна настава.**
- **Секој наставник индивидуално има изготвено ИОП за учениците со посебни потреби.**
- **Сите наставници редовно оддржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во одделенските книги. Придобивките од воннаставните активности се освоените награди, медали, пофалници, дипломи и афирмацијата на училиштето.**
- **Секој ученик има можност да одбере активност според желбата и интересот.**
- **Во наставата редовно се применуваат искуства од посетените семинари.**
- **Вонаставните активности поттикнуваат позитивен став кон наставните предмети,учењето и наставниците во училиштето.Тие ги мотивираат и наставниците да бидат креативни и поддржувачки ментори на учениците.**
- **Вонаставните активности позитивно и комплексно влијаат на развитокот на личноста на ученикот.**
- **Една од најважните придобивки од вонаставните активности е и развивањето на талентите и способностите на учениците кои во иднина можат да бидат и основа за професионален ангажман на учениците.**

**Слаби страни**

- **Финансиска поддршка за реализирање на вонаставни активности.**
- **Финансии за нагледни средства.**
- **Посета и учество на меѓународни симпозиуми и конференции.**

| **Област 1** | **Наставни планови и програми** |
|---|---|
| Координатор | Силви Малиновска |
| Член на тимот | Тања Ефремова - Стоилевски и Лила Петрушевска- Алексовска |
| **Индикатор за квалитет 3.1** | **Планирање на наставниците** |
| • Планирање на наставниците<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови | |
| • Годишни, тематски планирања и дневни подготовки<br><br>• Пропишана интерна процедура за следење на планирањата на наставниците<br><br>• Евидентени листови/ | Сите наставници, за реализација на Наставните планови и програми, имаат изготвени годишни-глобални, процесно- тематски планирања на почетокот од секоја учебна година. Истите ги доставуваат до Директорот на училиштето. Наставниците изготвуваат и дневни оперативни планови, во кои има и цели за ученици со ИОП, доколку такви ги има во паралелките каде што предаваат. Дневните планирања се работат во **е** – верзија , по потреба истите се печатат, а за работа на часот се користи лаптопот. Од страна на педагошко- психолошката служба се прегледуваат е-дневниците на паралелките, кои редовно, секојдневно се пополнуваат од страна на наставниците, што е согласно Законот за основно образование.<br><br>Сите наставници имаат дневни подготовки во **е**- верзија, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците содржат јасни цели кои се диференцирани, за ученици кои послабо напредуваат и за ученици кои подобро напредуваат. Од нив јасно може да се согледа, што се очекува учениците да научат<br><br>Целите, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно дефинирани во планирањето, а наставницте ги користат добиените информации од оценување ,за да ги идентификуваат потребите на учениците и да можат да ги планирааат следните чекори во учењето. Домашните задачи што ги задаваат наставниците се така планирани за ефективно да се искористи времето и на учениците. |

| | |
|---|---|
| Инструменти за следење на планирањето на наставниците<br><br>• Разговор со директор, стручна служба, наставници<br><br>• Записници од состаноци на стручни активи<br><br>• Инструмент за следење и вреднување на | Следење на учениците се одвива континуирано. Секој наставник има евидентен лист, за секој ученик, каде се забележуваат неговите постигнувања во текот на целата година. Напредокот на учениците се евидентира преку дијагностичко, формативно и сумативно оценување. За да се направи разлика во оценувањето се прават тестови на знаења, наставни листови по нивоа, писмени работи, контролни задачи при што се посветува поголемо внимание за различните ученички способности. Се применува ИКТ според бројот на часови предвидени со Годишната програма на училиштето. Учениците се оценуваат според стандарди и критериуми кои ги изработува секој наставник по својот предмет на почетокот на учебната година.<br><br>Во училиштето постојат посредни и непосредни системи за следење на планирањата на наставиците од страна на:<br><br>- Директорот;<br>-Наставник-Ментор<br>- Педагошко-психолошката служба;<br>- Државниот просветен инспекторат;<br>- Советници од БРО<br>Директорот и педагошката служба редовно го следат наставниот процес во училиштето преку пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес во која се вклопени: протокол за следење на наставниот час и формулар за планирање и набљудување на наставен час, пропишани процедури за следење на оценувањето на учениците кое го спроведуваат наставниците, пропишана процедура за употреба на ИКТ во наставата.<br>Наставниците се подеднакво застапени при посетата на часовите кои се следени од стручната служба, но и од колегите при што доаѓа до размена на идеи , методи и техники на спроведување на наставниот процес. Пред и по следењето на нагледните часови, директорот и педагогот имаат состанок со соодветниот наставник, при што се пополнува формулар за планирање, следење и набљудување на наставниот час, а состанокот се води според пропишан протокол за следење на наставен час. Стручната служба е задоволна од работата на наставниците, смета дека годишните и тематско-процесните планирања навремено се доставуваат, издржани се, развојни и изработени според најнови критериуми при што воведуваат нови форми на работа, како и примена на ИКТ. Планирањата за предавањата се следат преку интерна пропишана процедура, за следење на годишното- глобално и тематско-процесно планирање на наставниците. |

| | |
|---|---|
| планирањата и подготовката на наставен час<br><br>• Распоред на часови | Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи при што разменуваат искуства , идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети. Имаат посета на отворени часови, работилници, дисиминација на интерни и екстерни семинари, обработка на стручни теми и друго. Претседателот на стручниот актив изработува годишен план за работа на активот, прави месечен распоред за негова реализација, со членовите на активот ги следи нагледните часови, а по реализација на часот се поведува дискусија од страна на членството, се изработуваат записници. Наставниците при реализацијата на нагледните часови се следени од директорот и психолошко-педагошко служба во училиштето.<br><br>Во училиштето голем дел од наставниците користат најразлични методи и инструменти за формативно оценување(самооценување, оценување од соученици,УПИ и ППИ, сложеност на прашања, есејско прашање, дебата и др. ) и сумативно оценување(изготвување тестови, писмени работи) и други инструменти за оценување за да се подобри учењето и успехот на учениците). Секој ученик се следи поединечно, по секој наставен предмет, се изработува ученичко портфолио, каде се следи неговиот личен напредок и се собираат ученичките трудови. Учениците директно се вклучени во процесот на оценување преку самооценување и оценување од соученици, како и при средување и преглед на своите портфолија. Формативно оценување е застапено со самото тоа што им се дава можност на учениците сами да ги оценат своите трудови и трудовите на нивните соученици, според предвремено утврдени критериуми .<br><br>Распоредот на часови го изработува наставничката по математика Нацевска Данче, а истиот се изготвува пред се во интерес на учениците и според деновите кога колегите од другите училишта дополнуваат кај нас.Во распоредот се застапени сите предмети кои се предвидени со Наставниот план со пропишан број на часови. Часовите по предмети треба да бидат распоредени по денови. Се настојува во секој ден да има ист број часови, ако тоа е можно. Предлози и сугестии за изработка на распоред во одделенска настава даваат и самите одд.наставници, во соработка со колегите од предметна настава(англиски јазик,техничко образование и природни науки) кои имаат часови во одделенска настава. Рок за доставување на распоредот кај училишниот педагог е крајот на месец август, пред почетокот на новата учебна година. |

| | |
|---|---|
| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
| **Координатор** | Силви Малиновска |
| **Членови на тимот** | Александра Коцева- Мојсоска |
| **Индикатор за квалитет 3.2** | **Наставен процес**<br>**Ниво на евалуација: добро** |
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| • Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час<br>• Инструмент за следење на изведбата на наставниот час;<br>• Увид на час;<br>• Годишни, тематски, дневни планирања;<br>• Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог<br>• Интервјуа со наставници и ученици;<br>• Сертификати на наставници;<br>• Прашалник за наставници<br>• Прашалник за ученици<br>• Прашалник за родители | Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во парови, во групи или со цела паралелка. На овој начин, наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација и при тоа ги користат следниве наставни методи: вербален, демонстративен метод, илустративен, лабораториско-експериментален, практичен метод, метод на игра, набљудување и истражување, како и техниките грозд, инсерт, вртелешка, бура на идеи, Венов дијаграм на приказната, Т-табела итн.<br><br>Наставниците ги планираат задачите и активностите кои треба да се реализираат во училиштето или како домашна работа, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Во тематско-процесните и дневните планирања вметната е употребата на ИКТ во наставата, во законски предвидената рамка. Наставниците користат различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и прирачна литература. Активностите на наставниот час ги потврдуваат целите во планирањата и се изведуваат согласно индивидуалните способности на учениците и без предрасуди во однос на половата, верската и националната припадност. Повеќето наставници во дневните планирања имаат наведено јасни и прецизни диференцирани цели за работа со послаби, но и со појаки ученици, како и индивидуализирани цели за работа со деца со посебни потреби доколку има такви ученици во одделението во кое истите предаваат. Наставниците имаат коректен однос кон учениците како и кон нивните родители.<br><br>Учениците се запознаени со целите на учењето. Одделенските наставници на првата родителска средба на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со целите на наставната програма за |

| | |
|---|---|
| | соодветното одделение како и со наставниот план за истото. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, а се со цел да се подобри учењето и да се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори, дискусии и работилници на часовите по животни вештини). Во зависност од наставниот материјал и типот на час учењето е помалку или повеќе активно и динамично. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалната положба, етничката и религиска припадност и независно од нивните афинитети, квалитети, интереси, знаења и вештини.<br><br>Во воспитно-образовниот процес се користат одобрени учебници од страна на МОН, но неопходно е да напоменеме дека голем дел од нив во изминатите години се исфрлени од употреба, во некои од нив има воочливи грешки во содржините, дел од нив содржат преобемни содржини и содржини пишани на висок стил, кој ја надминува возраста на учениците во некои одделенија. Присутна е активна настава-интерактивно учење, со цел да се постигнат подобри резултати и напредок во учењето. При реализација на наставниот процес се користат постоечките наставни средства, кои се солидни и истите се збогатени со нови (смарт табли, проектори и ТВ уреди) во изминатите две години.<br><br>Наставниот процес се следи од страна на директорот, стручната служба, БРО, ДПИ, како и од страна на родителите. Најмалку два пати во текот на учебната година се врши увид на наставниот час од страна на стучната служба и директорот кај сите наставници, а потоа се вршат консултации со секој наставник се со цел подобрување на наставата.<br><br>Сите резултати од оценувањето на наставниците се собираат согласно Законот за основно образование, а се користат за професионалното досие – портфолио на наставникот и во планирањето на професионалниот развој на наставниците. Во однос на професионалното усовршување на наставниот кадар, наставниците сметаат дека бројот на понудени и одржани семинари и обуки, интерни и екстерни советување е недоволен и е неопходно истиот во иднина да се зголеми т.е. се поголем број наставници да бидат испраќани на обуки, семинари и советувања и притоа истите |

| | |
|---|---|
| | последователно да извршат и интерни обуки и дисеминации во училиштето се со цел подобрување на квалитетот на наставниот процес. |

| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
|---|---|
| Координатор | Силви Малиновска |
| Членови на тимот | Маја Саздовска |
| **Индикатор за квалитет 3.3** | **Искуства на учениците од учењето** |
| • Извори на податоци<br>• Разговор со ученичката заедница,родителите,наставниците<br>• Увид во ученичките досиеја и евиденцијата на стручната служба<br>• Програма за работа и извештаи за ученичката заедница<br>• Фотографии, слики, изложени ученички трудови<br>• Проектни активности<br>• Макети, модели, ѕидни весници<br>• Литературни и ликовни | Информации кои се собрани:<br><br>Училишната средина, училницата и другите простории во училиштето учениците ги доживуваат стимулирачки и мотивирачки преку организирање на натпревари и вонннаставни активности и изложување на ученички трудови. Овие трудови на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училишните холови, без разлика на нивниот пол, етничката припадност, социјалното потекло и на различните способности за учење. Ученичките трудови се менуваат согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.<br>Училиштето ги стимулира и мотивира учениците со различни стилови на учење и преку: вклучување во слободни ученички активности, дополнителна и додатна настава; јавни признанија (пофалници, дипломи и награди);вреднување и истакнување на ученичките трудови;повремена материјална помош на ученици од социјално – загрозени семејства.<br>Сите ученици рамноправно се вклучуваат во активностите на часовите во редовната настава и во воннаставните активности.<br>Поголемиот дел од учениците сметаат дека часовите се интересни и дека има добра атмосфера за работа.<br>Наставниците за време на часот ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и ги мотивираат сите ученици активно да се вклучуваат ,да поставуваат прашања со цел самостојно да дојдат до одреден заклучок по пат на истражување, разни изработки и проекти. Сите ученици учествуваат во активности на часот.<br>Учениците сметаат дека соработката меѓу учениците во училиштето задоволува .<br><br>На учениците им се овозможува целокупна активност во наставата и имаат можност да го искажат своето мислење и став при решавање |

| | |
|---|---|
| творби<br>• Конкурси | проблеми и одлучување.<br><br>Учениците и возрасните во училиштето заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина.<br>. |

| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
|---|---|
| Координатор | Силви Малиновска |
| Членови на тимот | Благоја Митревски |
| **Индикатор за квалитет 3.4** | **Задоволување на потребите на учениците**<br>• Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| Извори на податоци<br>• Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците<br>• Увид во ученичките досиеја и евиденцијата на стручната служба<br>• Програма за работа и извештаи за ученичката заедница<br>• Програми за работа за дополнителна, додатна настава и слободните ученички активности | Информации кои се собрани:<br><br>Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Насочувањето од страна на наставникот за извршување на задачите на часот од страна на учениците е различно. Пречките во процесот на учење на секој ученик се решаваат со превземање активности (дополнителна настава).<br><br>Во процесот на поучување наставниците користат различни техники за учење. Оценувањето е резултат на целокупната активност на ученикот (се врши врз основа на усни одговори, решавање и изработка на задачи, тестови, проекти и целокупната активност и ангажираност на ученикот).<br><br>Различните потреби на учениците во врска со учењето се задоволуваат преку натпревари, квизови, интерактивни и интегрирани активности, посета на разни институции, излети, екскурзии, настава во природа, презентации, учење по диференцијални нивоа. |

| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Координатор | Силви Малиновска |
| Членови на тимот | Тања Василевска |
| **Индикатор за квалитет 3.5** | **Оценувањето како дел од наставата**<br>• Училипшна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| Извори на податоци<br><br>• Програма за работа на училиштето<br>• Стандарди за оценување<br>• Користени инструменти за оценување<br>• Примери на оценети ученички трудови<br>• Записници од стручни активи<br>• Евиденција на наставниците за остварени средби и соработка со родители | Информации кои се собрани<br><br>Оценувањето на учениците е многу важно и комплексно дејство. При оценување на учениците се применуваат законските прописи кои што го регулираат истото. Во своето тематско планирање, секој наставник има изработено критериуми по кои го врши оценувањето. Преку најразлични форми родителите се запознаваат со постигнувањата на учениците.<br><br>За квалитетно оценување на постигнувањата на учениците, наставниците користат разни методи преку кои континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците во совладувањето на наставниот материјал. Преку разговорот и слушањето наставникот може да прибере информации за тоа како ученикот ги решава проблемите, како размислува, со какви факти и податоци располага, како ги разбира процесите, какви ставови и вредности има. Преку набљудувањето се добиваат најточни информации за практичната оспособеност, практичната примена на знаењата и за социјалните вештини на учениците. Бележење на информациите – чек листи, аналитички листи, анегдотски белешки, листи за самооценување и др. Сите постапки на следење нема да бидат корисни и ефикасни ако информациите до кои наставникот дошол не ги забележал на соодветен начин, така да може и да ги користи. Преку водењето портфолија, меѓусебното оценување и самооценувањето на учениците им се овозможува да се вклучат во процесот на оценување и на тој начин да ги подобрат своите постигнувања. Известувањето за постигнувањата кое е ставено во функција на учењето има за цел да помогне да се развие стратегија за учење што ќе го доведе ученикот до максимално искористување на неговите потенцијали. |

**Клучни страни**

- Училиштето ги има обезбедено сите НПП на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности.
- Кај директорот на училиштето сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план како и Годишно планирање за дополнителна, додатна настава во печатена и електронска форма.

- За послабите ученици и учениците кои имаат потреба во училиштето редовно се одржува дополнителна настава.
- За учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по некој предмет редовно се организира додатна настава.
- Најголем дел од наставниците имаат изготвено ИОП, за учениците со посебни потреби на кои им предаваат.
- Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во одделенските книги. Придобивките од воннаставните активности се освоените награди, медали, пофалници, дипломи и афирмацијата на училиштето.
- Секој ученик има можност да одбере активност според желбата и интересот.
- Во наставата редовно се применуваат искуства од посетените семинари.
- Одржување на поверемени интерни работилници во почетокот на годината за подготовка на НПП во одделенска настава.
- Стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ.
- Распоредот на часовите го прават наставниците.
- Во училиштето се користат разновидни наставни форми и методи ( вклучувајќи употреба на ИКТ ).
- Задачите што се работат во училиштето или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.
- Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето.
- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање.
- Учениците училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.
- Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и превземаат активности за нивно остварување.
- Наставниците во процесот на поучување користат различни техники.
- Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.
- Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и редовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа.
- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Исто така училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности.
- Училиштето годинава го примени изработениот правилник за пофалување и наградување на ученици (првенец на генерација)

**Слабости**

По спроведената анкета (наставниот кадар во нашето училиште), по однос на слабостите кои се јавуваат при оценувањето како дел од наставата, се истакнуваат следните аспекти:

- Описното оценување не е доволно разбирливо за учениците и родителите;
- Наставниот материјал е обемен (зголемен) и недостасуваат наставни часови за повторување;
- Придржување до стандардите и критериумите за оценување;
- Да се избегнува едначење меѓу предметите;
- Секој наставен предмет треба да биде подеднакво важен и значаен во наставниот процес;
- Не еднакви критериуми на оценување од одделение до друго одделение;
- Појава на „Ало ефект“;
- Стереотипност – поставување исти прашања за оценување;
- Оценувачкиот став на наставникот;
- Континуирана промена на наставните национални програми и стандардите за оценување;
- Многубројни паралелки, а недоволно време да се проверат знаењата (усно) на сите ученицина еден наставен час;
- Да не се применува описно оценување во шесто одделение;
- Различни делови, односно теми од наставниот материјал поинаку се вреднуваат од наставниците;
- Секој наставник применува различни критериуми;
- Учениците учет за оцена, а не за знаење;
- Знаењата кај учениците не се трајни, туку моментални (само за време на оценувањето);

**Анализа на резултатите**

Нашето училиште строго работи според наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставните планови и програми се достапни како на наставниците така и на родителите. Сите наставници навремено доставуваат годишни планирања (кај директорот). На почетокот на учебната година односно на првата родителска средба родителите општо се запознаваат со наставниот план и прогарама за учебната година. Учениците со наставните планови и програми се запознаваат на првиот час на почетокот на учебната година, поединачно по сите предмети. Се дава можност секој ученик да изврши избор на предмети од изборна настава преку анкетни листови. Советот на родители се запознава со програмите на својата прва седница. Секој наставник индивидуално ја прилагодува програмата за учениците со посебни образовни потреби и изготвува ИОП за секој посебно. За штетните влијаниа на одредени болести на зависност се даваат информации преку трибини и предавања, но истите треба почесто да се организираат. Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања. Учениците активно учествуваат во воннаставните активности и на тој начин лично се афирмираат и

придонесуваат за афирмација на училиштето. Наставниците користат разни форми и методи на работа и оценување. Училиштето воглавно работи според однапред предвидени активности дефинирани во соодветни правилници усвоени од соодветните органи.

**Идни активности**

•Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.

• Иницијатива за планирање на активности за прибирање и разгледување на мислења за НПП од страна стручните активи, на Наставничкиот совет, Совет на родители и Училишен Одбор.

## Прилог 1.1 **Слаби страни при оценувањето како дел од наставата**